ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-2378/2
23-03-2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 3 од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за поддршка на проекти и програмски активности на здруженија и фондации од интерес на Град Скопје бр.08-2378/1 од 23.02.2026 година, а во врска со Програмата за активности на Град Скопје за соработка со здруженија и фондации во 2026 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.14/25), Град Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување на финансиски средства за поддршка на проекти и програмски активности на здруженија и фондации кои извршуваат јавен интерес и се одржуваат на територијата на Град Скопје

**1. Предмет на јавниот повик:**

1.1 Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства за поддршка на проекти и програмски активности на здруженија и фондации кои извршуваат јавен интерес и се одржуваат на територијата на Град Скопје.

1.2 Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, Програмата за активностите на Град Скопје за соработка со здруженија и фондации во 2026 година во износ од 4.000.000,00 денари.

1.3 Доделувањето на финансиските средства е утврдено во Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за поддршка на проекти и програмски активности на здруженија и фондации од интерес на Град Скопје.

**2. Проекти кои ќе бидат поддржани**:

2.1 Трансферот кон невладини организации за реализација на проекти од интерес на Град Скопје, ќе биде насочен кон финансирање иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации, преку грантови во следните приоритетни области:

- Поддршка на проекти за подигнување на свеста преку кампањи и друг вид на иницијативи (локални акции) за: користење на јавниот превоз од страна на граѓаните, користење на велосипедот како превозно средство, подигање на свеста за јавната хигиена, начини на загревање на домаќинствата и заштеди преку мерки на енергетска ефикасност.
- Поддршка на проекти од сферата на унапредување на животната средина (загадување на воздухот, водите, почвата, јавни зелени површини, користење на обновливи извори енергија, итн) и ублажување на ефектите од климатските промени.
- Ко-финансирање на проекти финансирани од Европските програми, меѓународни и регионални донатори, а кои се од надлежност и интерес на Град Скопје.

Вкупен износ: 3.000.000,00 денари

2.2.Поддршка на манифестации преку грантови во следните приоритетни области:

- Поддршка на манифестации поврзани со заштита на животната средина;
- Поддршка на манифестации за одбележување на денови од областа на здравството;
- Поддршка на манифестации и настани од важност на Град Скопје, вклучително и активностите поврзани со подготовките и реализацијата на Програмата "Скопје 2028 - Европска престолнина на културата", во партнерство со граѓанските организации, културните институции и локалната заедница.

Вкупен износ: 1.000.000,00 денари

**3. Право на учество на јавниот повик:**
Право на учество на Јавниот повик имаат здруженија и фондации кои вршат дејност од јавен интерес и се регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје.

**4. Основни критериуми :**
Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат апликантите кои учествуваат на овој Јавен повик се:

- Да се регистрирани за вршење дејност од јавен интерес согласно Законот за здруженија и фондации, со седиште во Скопје;
- Да достават Изјава заверена на нотар дека немаат добиено финансиски средства или поднесено пријава до друг правен субјект за истата намена и активности за кои се поднесува пријавата.

**5. Задолжителна документација за аплицирање:**

- Пополнета пријава/апликација потпишана и заверена со печат од овластено лице на апликантот (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- Пополнет Образец за предлог проект (достапен на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- Статут на апликантот-здружение/фондација;
- Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Копија од завршната сметка за изминатата фискална година;
- Потврда за отворена и активна жиро сметка во банка;
- Уверение за платени даноци издадено од даночните органи

**6. Придружна документација за аплицирање:**

- Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- Писмена поддршка од други организации и/или институции за кои е планирано да земат учество во реализицијата на проектот

**7. Посебни критериуми за избор на апликантите:**

7.1 Посебните критериуми за избор на апликантите се предвидени во Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за поддршка на проекти и програмски активности на здруженија и фондации од интерес на Град Скопје, а кој е објавен на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**8. Начин на спроведување на Јавниот повик:**

8.1. Евалуација на пријавите односно проценка на квалитетот на проектите и програмските активности на заинтересираните апликанти кои ги исполнуваат критериумите, како и бодувањето на предлог-проектите , ќе го изврши Комисија за проекти и програмски активности на здруженија и фондации од интерес на Град Скопје, формирана од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

8.2. Пријавите кои се ненавремени, неуредни (нечитливи) или некомплетни и не ги исполнуваат условите и критериумите , Комисијата ќе ги отфрли со Заклучок и истите нема да ги разгледува, за што ги известува апликантите чии пријави се отфрлени.

8.3. Пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите и критериумите, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за избор на апликант/и за доделување на финансиски средства за реализација на проект/и.

8.4. Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства за реализација на проектите.

8.5. Избраните апликанти ќе склучат договор со Град Скопје со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

8.6. Избраните апликанти немаат право да ги менуваат програмските активности и временска рамка за нивна реалиација, опишани во проектот со кој аплицирале, освен со предходна согласност на Град Скопје.

8.7 Апликантите кои добиле финансиски средства од Град Скопје за реализација на нивните проекти, должни се да го завршат проектот и да достават финансиски извештај за начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи до Градоначалник на Град Скопје на образец објавен на веб-страницата на Град Скопје најдоцна до 3 декември 2026 година.

**9. Рок и начин на доставување на пријавите**

9.1. Рок за поднесување на пријавите е 15 дена од денот на објавување на Јавниот повик на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

9.2. Пријавата со целокупната документација пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот треба да се достави во затворен коверт по пошта на адреса: Град Скопје бул. Илинден бр. 82, со назнака: Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации - Комисија за проекти и програмски активности на здруженија и фондации од интерес на Град Скопје или преку преку Архивата на Град Скопје секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

9.3 Апликантите на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Решение за доделување на финансиски средства.

9.4. Пријавата за финансиска поддршка на проекти и програмски активности на здруженија и фондации и Образецот за предлог-проектот се достапни во просториите на Град Скопје - Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации и на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

9.5. Подетални информации, заинтересираните можат да добијат на следната мејл адреса : saranda.bekiri@skopje.gov.mk или на телефон 02/ 3207 525.

***НАПОМЕНА:***

***Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.***

***Доставените прилози не се враќаат.***

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT